АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202 - 16203/2
11.08.2025 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 187-та редовна седница одржана на ден 11.08.2025 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на**
**Посебните услови за колективно приватно здравствено осигурување**

**1.** Се вршат измени и дополнување на Посебните услови за колективно приватно здравствено осигурување, на начин што:

Во член 15 насловен како „Одобрение за користење здравствени услуги (авторизација)", ставовите 1, 2 и 3 се менуваат и гласат:

"(1) Осигуреникот е должен да побара одобрение пред користење на осигурените здравствени услуги во случај на:

- лекување на малигни заболувања;
- болничко лекување
- превентивна заштита;
- бременост и породување;
- за вонболничко лекување и трошоци кои надминуваат 25.000 денари по една интервенција, на барање од Осигуреникот, Осигурувачот согласен е да даде одобрување за авторизација, за директна исплата кон приватната здравствена установа

(2) Барањето за одобрение за користење на здравствени услуги се доставува од страна на осигуреникот или здраствената установа во форма на пополнет формулар за авторизација со пропратна спецификација на трошоци за медицинската дијагностика, процедура или третман најмалку 10 дена пред закажаниот датум на медицинска процедура или третман.
Одобрението за користење на здравствени услуги се издава пред отпочнување на медицинската дијагностика, процедура или третман.
Одобрението за користење на здраствени услуги може да не биде издадено доколку се бара во пократок рок од наведениот или со барањето не се доставени доволен број на докази за одлучување по истото.

(3) Осигурувачот нема обврска за издавање на одобрение за користење на здравствени услуги за медицинска дијагностика, процедура или третман при итен случај."

Во член 17 ставот 3 се менува и гласи: "(3) За сите осигурени ризици, освен дневен надомест за болничко лекување, трошоци за лекови и трошоци за амбулантно лекување,

осигурувачот го исплаќа надоместот на штетата директно на осигуреникот или на здравствената установа - давател услугата.".

**2**. Пречистен текст на Посебните услови за семејно приватно здравствено осигурување е составен дел на оваа Одлука.

**3**. Оваа Одлука влегува во сила и се применува од денот на донесувањето.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
*м-р Марија Томеска*